Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 454-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, 13.09.2023 година

Седницата се одржа на ден 13.09.2023 година со почеток во 12,25 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и Член на Советот
- **Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Отсутни членови:

- **Мери Радевска**, Член на Советот, оправдано отсустна- користи денови од годишен одмор
- **Кренар Лога**, Министер за правда –уредно поканет
- **Беса Адеми** , Претседател на Врховен суд на РСМ која до Судски совет достави известување дека поради службени активности нема да присуствува на денешната седница
- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ, оправдано отсутен за кратко поради службени обврски

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар
- **Александра Шоптрајанова** , самостоен референт
- **Јулијана Георгиевска** , државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност .

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата предложи Дневниот ред за 454-та седница да се измени и дополни со нова точка и отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

Откако се констатира дека никој не се јави за збор заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1.Разгледување на Извештај на Комисија за подготовка на кандидатски листи и Донесување на Одлука за објавување на Оглас за избор на 1 (еден) член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ;

2.Разгледување на Извештај од работна посета на Апелационен суд Штип со предлог за донесување одлука за објавување Оглас за избор на судии во Апелационен суд Штип

3.Разгледување на Извештаи од работни посети на Управен суд, Апелационен суд Скопје, Основен суд Куманово и Основен суд Струмица;

4.Разгледување на Одлуки на Управен суд;

5. Разгледување на Извештај за констатирана состојба ;

6. Формирање на Комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија/претседател на суд

7.Разно

**Точка 1**

**Разгледување на Извештај на Комисија за подготовка на кандидатски листи и Донесување на Одлука за објавување на Оглас за избор на 1 (еден) член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ**

По оваа точка од Дневниот ред заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** збор му даде на претседателот на Комисијата за подготовка на кандидатски листи членот на Советот **Мирсад Суроји** кој наведе дека од страна на Комисијата е изготвен Извештај по огласот за избор на еден член на Судскиот совет од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ објавен во Службен весник на РСМ бр.168/23 од 8 август 2023 година . Комисијата формирана со одлука на Советот на 451 седница на 27.07.2023 година во состав Мирсад Суроји –претседател, Тања Чачарова Илиевска и Ивица Николовски -членови на ден 04 09.2023 година констатирала дека по истекот на закониот рок нема пријавено кандидати по огласот за избор на член на Советот од редот на судиите на Врховниот суд на РСМ.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по Извештајот и откако никој не се јави за збор, предложи согласно законските надлежности од членот 13 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ да се донесе одлука за објавување на нов оглас и воедно да се формира Комисија за подготовка на кандидатски листи .

Предлогот го стави на гласање и по гласањето се констатира дека со 10 гласа „За" и ниту еден "Против" се донесе

**О Д Л У К А**

да се објави оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Се пристапи кон ждребување и по спроведено ждребување за избор на членови на Комисијата се донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Се формира Комисија за подготовка на кандидатски листи во состав: Селим Адеми - претседател на Комисијата, Мери Радевска и Лорета Горгиева -членови на Комисијата.

**Точка 2**

**Разгледување на Извештај од работна посета на Апелационен суд Штип со предлог за донесување одлука за објавување Оглас за избор на судии во Апелационен суд Штип**

По 2-та точка од Дневниот ред, заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** му даде збор на членот на Советот **Селим Адеми** да го презентира Извештајот од работна посета на Апелациониот суд Штип.

Членот на Советот **Селим Адеми** наведе дека согласно заклучок на Советот од 21.08.2023 година се изврши работна посета на ден 23.08.2023година , иницирана со дописи од претседателот на Апелациониот суд Штип во врска со состојбата со испразнети судиски места, потреба од судии во граѓански оддел, увид во работењето на судот и човечките ресурси. Од страна на претседателот на судот на работната посета е наведено дека бројот на судиите во граѓански предмети е помал таму има само 3 судии,а поголем број на граѓански предмети, до крајот на годината судот ќе остане со 4 судии од причини што од 8 судии активни, 2 судии исполнуваат услови за старосна пензија со 64 години и 2 судии со услови за старосна пензија со 62 години. Наведе дека и покрај тековниот оглас за избор на 2 судии во овој суд нема да се надмине состојбата со пополнување на овие слободни места. Од увид во 16 предмети е констатирано дека судиите навремено и брзо ги решавале, без застој, само е констатирано дека нема записник од седница на судии, а по закон не се задолжителни со записник кога одлуката се донесува едногласно . Ги предложи следните заклучоци на работната група: Заради надминување на состојбата на наредна седница на Советот да се донесе одлука да се објави оглас за избор на 2 судии во граѓанска област; и од увид во предметите дека е утврдено брзо и ефикасно донесени одлуки, кои се во рок изготвени.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека е добро во овој период што не се констатирани неправилности во однос на еден период од минатата година кога се соочуваше овој суд со проблеми. Впечатокот за ваквата состојба е секако резултат на судиите но пред се на првиот човек во чиј период е надмината таа состојба и жално е да каже дека овој судија наскоро исполнува услови за пензија . Истата е согласна со предлогот на Комисијата да се распише оглас за избор на судии во овој суд.

Откако никој друг не се јави за збор, заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** го стави на гласање Извештајот од работна посета на Апелациониот суд Штип.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен Извештајот.

По однос на предлогот од Комисијата да се објави оглас за избор на уште 2 судии за граѓанска област во Апелациониот суд Штип, се заклучи одлуката за објавување на оглас за избор на 2 судии за граѓанска област во Апелациониот суд Штип да биде на дневен ред на наредна седница на Судскиот совет.

## Точка 3
## Разгледување на Извештај од работна посета на Управен суд, Апелационен суд Скопје, Основен суд Куманово и Основен суд Струмица

- **Извештај од работна посета на Управен суд**

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** му даде збор на членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** како координатот надлежен за работата на Управниот суд да го презентира Извештајот од работна посета на Управниот суд извршена на ден 12.04.2023година .

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** наведе дека постапувајќи по заклучокот бр.03-816/1 od 12.04.2023година со кој е формирана работната група во состав Тања Чачарова Илиевска-координатор, Мери Радевска и Ханиф Зендели-членови задожена да изврши увид во предметите во кои како странка се јавува ПУЦКО Петрол, предмети во кои како тужител се јавува ЕУРОМАКС РЕСУРС ДОО Скопје, во предмет У-3 бр.60/22, во предмет У-2 бр.256/20, како и проверка и констатирање на постапки по иземање во предмети од 01.01.2022 година до денот на посетата, работната група изврши работна посета на Управниот суд на 12.04.2023 година. Во рамки на работната посета се побарани на увид сите предмети во кои една од странките е правното лице ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница, како и предметите кои се водат во овој суд во кои како тужител се јавува ЕУРОМАКС РЕСУРС ДОО Скопје. Ова од причини што Владата Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политика за добро владеење достави до Советот известување и препраќање на анонимна претставка во надлежност на Советот во која се изразува незадоволство од постапување на претседателот на

судот во случаите во кои како странка се јавувало правното лице ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница и во два предмети во кои тужител бил ЕУРОМАКС РЕСУРС ДОО Скопје , по која Советот истата ја затворил со службена белешка со оглед да се работи за анонимна претставка, но сепак одлучил и доставил известување до Координаторот за следење на работата на Управниот суд, имајќи го предвид наводите во претставката, да ги провери истите и состојбата кај овие предмети.

Предвид наведеното од страна на работната група на денот на посетата во судот побарани се и извршен е увид во доставните следни предмети:

-Предмети во кои како странка се јавува правното лице Пуцко Петрол ДООЕЛ Пласница: поврзаните предмети УЗ -80/20, УЗ 81/20, УЗ-147/20, УЗ-264/20 и УЗ-342/20.

-Предмети во кои странка се јавува - тужител е ДППУ Евромакс РЕСОУРЦЕЦ ДОО Скопје: поврзаните предмети У-6 бр.23/20, У-6 бр.24/20; У-6 бр.181/20; У-6 бр.721/20 и У-6 бр.131/23

-Предмет У-3 бр.60/22,

-Предмет У-3 бр.60/22,

-Предмети по барање за изземање СУ-ИЗЗ-24/22, СИ-ИЗЗ-5/23 и СУ-ИЗЗ-10/23.

*Се констатира дека претседателот на Судскиот совет Сашко Георгиев е присутен на седница и продолжува да ја води седницата*.

Членот на Советот Тања Тања Чачарова Илиевска во продолжение ги изложи предлог заклучоци на работната група од работната посета :

1.Извештајот да се усвои од Судскиот совет и да се достави до Управниот суд кој на седница на судии ќе ги запознае судиите со содржината на Извештајот и усвоените заклучоци, со цел сите судии да постапуваат по истите и во иднина да не се повторуваат констатираните пропусти и недоследности во овој Извештај

2. По однос на наводите од усвоената претставка во т .1 од Извештајот работната група цени дека во предметите во кои како странка се јавува правното лице ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ с.Пласница како и во предметите каде како тужител се јавува правното лице ДППУ ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје не може да се утврди дека одлуките донесени во овие предмети судиите ги носле под влијание и насоки на претседателот на Управниот суд ниту да се констатира дека во случај на непочитување на некои негови насоки од страна на некои судии кои одлучувале по тие предмети истите трпеле нагативни последици. Работната група констатирала дека во предметите во кои е извршен увид а во кои како странка се јавува некое од наведените правни лица се носени одлуки и во нивна полза, но и на нивна штета.

3.Предметите во овој суд а кои биле предмет на увид во глобала не се средени нема попис на списи и не се хронолошки по датум залепени списите во предметите истите често се измешани со списи од други предмети, особено кај поврзаните предмети каде во обвивката на еден предмет се ставени обвивки на списи од друг или повеќе предмети.

4.По однос на известувањето добиено од претседателот на Основен суд Неготино и постапувањето на судијата известител по предметот Весна Јовановска по предметот У-3 бр.60/22 работната група цени дека постапувањето на посочениот судија е крајно неетички непрофесионално и недолично за функција судија

5. Во однос на донесените одлуки по барањата за изземање на судии, донесените решенија за изземање се согласно законот со образложени причини за донесената одлука. Она што е потребно да се внимава кај овие предмети е во иднина при изземање на судијата известител, при доделување на предметот на постапување на друг судија известител да се применува одредбата од член 178 од Судскиот деловник и предметите да се прераспределуваат по пат на автоматска распределба по АКМИС, а не како досегашната пракса според Годишниот распоред на член од советот.

Претседателот на Советот отвори расправа по Извештајот и предлог заклучоците на работната група.

За збор се јави членот на Советот **Антонета Димовска** која по точка 3 од предлог заклучоците дека по однос на обвивка на списите согласно со Судскиот деловник треба списите од предметот да бидат во корица со емственик и лепенка, и да се намине праксата во Управниот суд со лепење на списите и да им се укаже да си набават нови обвивки на списи, недозволено е

во списи на еден предмет да се наоѓаат списи од друг предмет без да има одлука за тоа. По однос на заклучокот под точка 5 во однос на доделување на предметите преку АКМИС системот наведе дека е тоа веќе одамна надмината работа, предметите по изземање на судија мора да се распределат преку АКМИС системот и оваа пракса во судот треба да биде надмината.

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** појасни дека токму ова забелешка треба да оди на разгледување на седница на судиите во Управниот суд. Во однос на Судскиот деловник наведе дека има само одредби кои укажуваат на потребата од средување на предметите, тоа е обврска на судската администрација и при контрола од повисокиот суд треба да се внимава на ова како тои и го прави Вишиот управен суд што се гледа од извештаите кои ги добива како координатор за следење на работата на овој суд.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и за неа ова е темелно сработен извештај за овој суд но за овој суд треба да биде разгледан извешатај од извршена контрола на АКМИС системот кој беше истакната на едне од работните состоноци од координаторот дека веќе е доставен и ќе биде анализиран од Судскиот совет, па по однос на тоа доделување на предмети ќе се произнесеме во некоја друга фаза.Смета за потребно да с е произнесе по однос на точките од заклучоците и тоа по однос на точка 2 каде е наведено дека неможе да се утврди дека е влијаено од страна на претседателот . Имено точно е дека доколку некој од судиите не пријави влијание Советот неможе да го утврди а од донесени одлуки апсолутно немоќе да се утврди дали имал влијание или не. Може од 15 одлуки кај 14 одлуки да нема но кај 1 одлука да има влијание. Понатаму во однос на точка 3 наведе дека е елаборирано од страна на членот на Советот Антоанета Димовска и понатаму со коородинаторот ќе се превземаат дејствија околку средување на списите . По однос на точка 4 за крајно неетичко и недолично однесување верува дека ќе следат и други дејствија понатаму по однос на судијата. По однос на точка 5 побара појаснување во однос на примената на одредбата од член 178 , дали кога е даван заклучокот се мислело само на судија известител или на било кој член на советот, бидејќи е ова појава која се јавува генерално во судовите.

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** наведе дека се работи за доделување на предмет на друг судија известител само при изземање на претходен судија известител но не и на друг член на советот бидејќи нема решение преку АКМИС системот да се доделува на друг судија преку АКМИС системот ,туку само при изземање на судијата известител.Тоа е проблем со АКМИС системот во сите судови.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и кажа дека не се согласува со заклучокот – “она на што е потребно да се внимава во иднина во однос на овие предмети е исклучително да се доделуваат само преку АКМИС системот.“, и бидејќи следува презентирање на извештај од работна посета од Министерство за правда што веќе го има координаторот, предложи оваа точка да се тргне од извештајот бидејќи претпоставува дека овие се факти на претседателот на судот а со оглед да Судкиот совет нема надлежност да го контролира АКМИС системот истата ќе биде предмет на дополнителна анализа.

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** наведе дека ова е извештај од констатирана состојба при работа посета кога не била извршена контрола од страна на Министерство за правда . Точно е дека има ситуација кога распределебата при изземање на судија известител се врши според замената согласно годишниот распоред за работа и затоа смета дека треба да стои оваа точка како напомена да се внимава на оваа состојба бидејќи не е согласно Судскиот деловник . Во однос на записникот од Министерството за правда наведе дека го нема добиено како координаторот на овој суд , а за истиот знае преку медиумите , па кога би го добила како координатор ќе изврши нова посета на судот за увид согласно констатираната состојба во тој записник, а со ова не е завршена контролата на Управниот суд туку е тоа континуиран процес кој ќе тече и понатаму.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека не е спорно дали има или нема таков извештај но дека треба да се разграничат надлежностите дека Советот нема контрола на АКМИС системот како се распределувани предметите . Ако не е надлежен тогаш врз основа на кои параматери ќе се констатира дали така се постапувало или на друг начин се постапувало, дали се делени предмети по АКМИС или по редослед на судија и во моментот бројот на тие предмет од извештајот не е јасен. Ако има одредба од Судскиот деловник неможе

Советот да каже она што е потребно да се внимава па запраша -што било тогаш претходно? Наведе дека тоа е нејзин став но штом понатаму ќе следат посети и ќе следи извештајот на Министертвото за правда, во овој момент ќе го прифати ставот на координаторот.

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** не се согласи со изнесеното и наведе дека е точно да Советот не врши контрола на АКМИС системот, тоа е надлежност на правда но Судкиот совет има извори за проверка дали предметите се распоредуваат преку АКМИС или не. Во самата апликација Контрола за работа на судови го има тој податок, во Извештаите од судовите има податок кога е примен и на кој начин е распределен предметот, значи тој податок го има Советот и затоа е констатиран во извештајот .

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и кажа дека секојдневно секој член како координаторот го контролира судот за кој е надлежен, тоа е работа во континуитет, а конкретниот извештај е по контрола по повод претставки за тој суд

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека на координаторот понатаму останува да си оцени дали има потреба од контрола

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и кажа дека како долгодигишен судија и 5 години член на Советот смета дека нема потреба да има дискусија дека Советот нема надлежност за проверка на Законот за управување со движење на предмети. Во сите заклучоци за работни посети една од обврските е да се направи проверка дали предметите се движени и распределени преку АКМИС системот .Во 2018 година кога е дојдена во Советот во наследство е оставено да се продолжи и направи ревизија на Извешатај на претходни колеги на кои им е престанат мандатот токму во однос на примената на АКМИС системот. По тој основ , како Судскиот совет веќе има тројца разрешени судии, а во однос на еден предмет и колешката Дамева беше подносител и тој предмет е завршен со позитивна оцена.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева и** според неа фактите зборуваат друго. Дека тие предмети с е оформени врз основа на извештај од увид од работна група од правда а само препратен до Советот за иницирање на постапка , и за да не биде погрешно разбрана истата укажува дека зборува за функционална надлежност а не за надлежност за движење на предметите.

По расправата претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање Извештајот со предлог заклучоците.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ се усвои Извештајот од работната посета на Управен суд.

- **Извештај од работна посета на Апелационен суд Скопје**

По однос на извештајот од работната посета во Апелациониот суд Скопје претседателот на Советот **Сашко Георгиев** му даде збор на членот на Советот **Мирсад Суроји** - член на работната група .

Членот на Советот **Мирсад Суроји** го презентираше Извештајот од работната посета во Апелациониот суд Скопје извршена на ден 25.04.2023 година од страна на работна група формирана со заклучок на Советот бр.02-868/1 од 20.04.2023 година во состав Мирјана Радевска Стефкова –координатор на Апелациониот суд Скопје, Мери Радевска и Мирсад Суроји членови. Во рамки на работната посета бил извршен увид во работа на судиите на Апелациониот суд Скопје согласно член 20 став 3 од Судскиот деловник. За реализирање претходно биле обезбедени податоци од извештајот на Судскиот совет за работата на овој суд како и извештај за стари нерешени предмети, како и разгледувани претставки кои се однесуваат за Апелационен суд Скопје. Остварена била средба со претседателот на судот во однос на состојбата со предмети, обем на работа и ажурно решавање, екипираност на судот со судии и судската администација каде заклучно со април 2023 година има 28 судии а по систематизација треба да има 52 судиски места. По однос на сумарниот преглед на движењена предмети за месец април незавршени предмети на почеток на месецот биле 7.546, новопримени 1.147 , вкупно во работа 8.693, завршени се 1.255 и незавршени се 7.438 предмети на крај на месецот. Од страна на работната група на денот на посетата во судот побарани се и извршен е увид во стари предмети и тоа: ГЖ- 1350/21, ГЖ-148/21, ГЖ-320/21, ГЖ-86/21, ГЖ-3111/20, ГЖ- 1094/21, КЖ- 928/22, КЖ-354/20, КЖ- 874/20, КЖ- 521/22, КОКЖ-112/21 , КОКЖ- 137/22, КОКЖ-13/21,

КОКЖ-127/22, КЖ-1059/21, КЖ- 264/21, КЖ-63/22, КЖ-680/22, КЖ-37/22, КЖ- 1082/22, КЖ-274/22, КЖ- 594/22.

Членот на Советот **Мирсад Сурoји** наведе дека пред завршување на целиот извештај и негово усвојување од Советот кородинаторот на Апелациониот суд Скопје судија Мирјана Радевска Стефкова даде оставка како член на Советот а претходно свој дел од извештајот го даде писмено, па овој извештај е потпишан само од членовите на работната група. Ги предложи следните заклучоци:

1.Претседателот на судот да ги извести судиите на Апелациониот суд Скопје за констатираните состојби на седница на судии

2. Координаторот за Апелациониот суд понатаму да ги испита состојбите околу застарените предмети дали има субјективна одговорност, како и по однос на траењето на постапките, исто така.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа по извештајот .

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека ова е детална анализиран извештај и за неа прифатливи се заклучоците на работната група.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека нема забелешки по извештајот.

По расправата претседателот на Советот **Сашко Георгиев,** го стави на гласање Извештајот со предлог заклучоците

*Се констатира дека е отсутен од седница членот на Советот Лорета Горгиева .*

По гласањето со 10 гласа “За“ и ниту еден глас “Против“ се констатира дека Советот го усвои Извештајот од работната посета на Апелациониот суд Скопје.

- **Извештај од работна посета на Основен суд Куманово**

По однос на извештајот од работната посета во Основниот суд Куманово претседателот на Советот **Сашко Георгиев** му даде збор на членот на Советот **Ханиф Зендели** -координатор за работата на Основен суд Куманово како одговорен член да го изложи Извештајот .

*Претседалот на Советот Сашко Георгиев констатира дека повторно е присутен на седница членот на Советот Лорета Горгиева .*

Членот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека во рамки на донесен заклучок на Советот бр.02-250/1 од 27.01.2023 година работа група во состав Ханиф Зендели –координатор за работата на Основниот суд Куманово, м-р Ивица Николовски и Сашко Георгиев –членови на ден 01.02.2023 година изврши работна посета на Основниот суд Куманово. По спроведената посета изготвен е извештај бр.02-250/7 од 08.03.2023 година кој е усвоен на 433-та седница на Советот од 13.03.2023 година на која е утврдено во рок од една недела до 10 дена да се изврши повторно ненајавена посета на Основен суд Куманово при која поради сензитивна состојба во делот на меѓучовечки односи да се изврши непосреден разговор со судиите и со ВД претседателот на Основен суд Куманово. На 437 седница на Советот повторно отворено прашањето за реализирана посета на Основен суд Куманово од страна на работната група составен од членови на Советот и изготвениот извештај од посетата. На оваа седница е потврден ставот завземен на 433 седница на Судскиот совет и констатирано дека од страна на работната група треба да се реализира уште една работна посета по однос на прашањето за меѓучовечките односи во судот. Членовите на работната група во делот на утврдување на меѓучовечките односи во судот постигнаа согласност наместо посета на Оновен суд Куманово од стран ана работната група одреден број на судии од Основен суд Куманово да бидат повикани во Судскиот совет со цел да дадат свое видување за меѓучовечките односи во судот. Целта е неспореден разговор со судиите за утврдување на меѓучовечките односи како и односот на ВД претседателот на судот кон судиите и останати вработени. За утврдување на фактичката и околностите во делот на распределба на предмети преку АКМИС прераспределба на предмети од еден на друг судија и изземање од ВД претседалот на Основен суд Куманово со допис и ургенција побарано е до Советот да достави писмено произнесување . По обезбедување на бараните податоци и изјавите на судиите од судот работната група наоѓа дека исклучување на судија од прием на нови предмети односно автоматска распределба на предмети е вршено со одлука на ВД претседателот на судот која содржи наредба и причини за исклучување. Во

случаите кога судијата повеќе не постапува по одреден вид предмети, предметите се доделувале на друг судија најчесто судија  кој е новоизбран за постапување во тој оддел или судија које е новораспореден за постапување во тој оддел. Во случаите кога не бил определен друг судија предметите преку АКМИС се распоредувале на сите судии во одделот кои постапувале по тој вид предмети, Согласно изложеното од страна на работната група утврдено д ека при распределба и прераспределба на предмети на  судии преку АКМИС кај  Вд претседателот на судот нема субјективи мотиви и намери,  туку распределбата прераспредлба и исклучување на судиите е вршено од објективни причини настанати пред се поради промени во годишниот распоред за работа. По однос на распоредувањето на судија кој постапува по трговски оддел на судот по предметите СТ и ТС работната група констатирала надминување  на настанатиот проблем. Имено по донесување на одлуката на Врховниот суд со која е уважен приговорот на судијата првично распоредена да постапува по предметите од СТ-ТС ВД претседатрелот на судот има донесено одлука со која друг судија се распоредува д а постапаува по овој вид предмети. За утврдување на меѓучовечките односи помеѓу судиите вработените во судкста службата и ВД претседателот на судот работната група утврдила дека односите се измениле во негативна смисла по сообраќајната незгода која и се случила на претседателката, односно по нејзино враќање на работа од боледување кога станала понестабилна. Од изјавите на судиите се утврдило дека кај ВД претседателот на судот немало промени во делот на работните спсособности иако во одредени моменети се случувало да заборава но тоа не значело дек ане размислува логично и течно. Но имало и случаи кога не паметела ликови и станала избувликва сцени кои се случувале секојдневно кон вработените имала потценувачки однос и комуницирала со недолични зборови , што придонело да се перцепира  како конфликтна личност која презентира моќ. Од изјавите на судиите  произлегува единствен општ заклучок дека ваквото однесување се рефлектирало кон сите вработени,  а не кон поединци и не било на национална основа, се манифестирало со употреба на навредливи зборови, разговор на  висок тон употреба на несоодветен вокабулар што продонело кон нарушување на работната атмосфера и губење на довербата како помеѓу судиите на колегиајлна основа така и во односот судиите со претседателот, и се повеќе се губела можноста судиите да остварат контакт и средба со ВД  претседателот. Со оглед да со измена на годишниот распоред има нов координатор наведе дека истиот понатаму ќе треба да ја следи состојбата со судот и согледување на работата на овој суд поосебно на претседателот.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа по Извештајот .

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и во однос на точка 4 за нарушени меѓучовечки однос наведе дека  не може да се види од извешатјот  дека  била побарана изјава и од ВД претседателот на судот бидејки ваква констатцаија без да се утврди кој е виновен за истото,  без да има еднаквоста на оружјата, без да с е произнесе претседателот на судот, не се согласува во делот  дека од изјавите од судиите се констатира работната способност на вд претседателот . Наведе дека не го оспорува периодот по сообраќајната незгода дека нема промени во работните способности, но не и дека Судскиот совет  си зема за право  врз основа на изјави на судиите да цени дали  е работно способен или не. Смета дека во овој дел извештајот треба да претрпи корекција  и тоа е во интерес на заштита на интегритет на вд претседателот, па и на судиите.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој во овој дел се согласува со забелешката и дека престрога е дадената  формулацијата која треба да се корегира во смисла дека се забележани промени во однесувањето за да се избегне забелешката за работна способност која треба да ја даде стручна институција.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и предложи да се користи формулација период,  во смисла дека  пред година –две  забележани се промени во однесувањето кои судиите ги чувствуваат, ги приметуваат, но да не се наведува причината за тоа.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која е на истото мислење, дури и не би прифатила така формулирано последно заклучно согледување да се наведе дека кај дел од колегите од дадени изјави дека има промена во однесувањето, и  без да се сослуша и другата страна да не се дава таква констатација.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** се согласи со дадените забелешки на денешната расправа по однос на Извештајот .

По расправата претседателот на Советот **Сашко Георгиев**, го стави на гласање Извештајот со дадените забелешките на седница.

По гласањето со 11 гласа "За" и ниту еден глас "Против" се констатира дека Советот го усвои Извештајот со забелешките кон истиот .

- **Извештај од работна посета на Основен суд Струмица**

По однос на извештајот од работната посета во Основниот суд Струмица претседателот на Советот **Сашко Георгиев** му даде збор на членот на Советот Ивица Николовски -како член на работната група да го изложи Извештајот од работната посета.

Членот на Советот **Ивица Николовски** наведе дека по претходно донесен заклучок работна група во состав Зоран Герасимовски-претседател, Ивица Николовски и Мирсад Суроји-членови за работна посета на 25.05.2023година извршена е работна посета и изготвен е извештај од тогаш координаторот на овој суд . Имајќи предвид дека извешатајот го има во материјали дополнително се произнесе дека нема лично генерално забелешки за работењето на овој суд . Од увид во предметите даден е заклучок судиите кои работата на таа материја нема забелешки и и пропусти , единствен проблем е мал број на судии, во моментот 8 судии од 20 предвидени по систематизација и во тој дел потребата од нови судии. Остварен е разговор и со судиите

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа по извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** со коментар дека кога работната група ќе констатира состојба каде и покрај мал број на судии работите одат без застој и од ова дополнителни заклучни согледувања се дека функционира благодарени на судиите но пред се на претседателот на судот со менаџерски спососбност и она што е позитивно е што е остварен разговор со судиите и во нареден период треба да се слуша гласот на судиите и нивните проблеми.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека колку и да звучи субјективно овој суд секогаш бил суд со реноме и од технички апсект бил уреден во водење на предметите , исклучително стручни судии и персонал, а тоа што и смета е на претпоследниот пасус од извештајот во однос на колегата кој е пензиониран не е во ред да стои дадената забелешката .Ова од причина дека е пензиониран и општо познато дека е стручен како судија кој прв од сите судии ги пишуваше одлуките и ова сигурно се должи на некоја техничка работа , не гледа докази за констатираното и од тука смета дека треба да се тргне овој пасус од извештајот.

По расправата претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави извештајот со забелешката на гласање

По гласањето со 11 гласа "За" и ниту еден глас "Против" се констатира дека Советот го усвои Извештајот со забелешка кон истиот.

## Точка 4
## Разгледување на Одлуки на Управен суд

По однос на оваа точка претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека согласно член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи и одредбите од Законот за Судкиот совет , од страна на Судскиот совет донесени се решенија со кои се ставаат вон сила решенијата на Судскиот совет со кои им е продолжен мандатот на судиите и тоа сметано од 01.07.2022 година и на судиите заклучно до 30.06.2022 година им престанува судиската функција поради исполнување на старосна пензија По поднесени тужби од судиите до Управниот суд, Судскиот совет како тужен орган истакна приговор на стварната надлежност поради тоа што одлуките на Советот с е конечни и неможе да бидат преиспитувани од друг суд освен во случаи и постапка утврдени со закон.Решавајќи за надлежноста меѓу Основниот граѓански суд и Управниот суд, Врховниот суд го определил Управниот суд за стварно надлежен во правните работи по тужбите за поништување на решенијата з а утврдување престанок на судиската функција. Одлучувајќи по тужбите од страна на Управниот суд се донесени пресуди со кои тужбите на тужителите се усвоени а решенијата на Судскиот совет се

поништуваат. Во образложение Управниот суд смета дека е повреден законот на штета на тужителите поради повреда на правила на постапката предвидени во глава XIV од Законот за општа управна постапка без да се наведат причините и основот за ставање вон сила на управниот акт и правни последици кои ги предизвикал, како и дека погрешно е применето материјалното право. Дадени се напатсвија при повторно постапување и одлучување да се имаат предвид одредбите од глава XIV од Законот за општа управна постапка. Понатаму треба да се има предвид и одлуката донесена од страна на Уставниот суд У.бр.89/21, 90/21 и 114/21, која се однесува на оценување на уставноста на чл.2 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на ЗРО. Според Уставниот суд со новото законско решение не може да се доведе под сомнение чл.8 ст.1 алинеја 3 и чл.9 став 2 од Уставот, дека продолжувањето на договорот за вработување е овозможено и се употребува само до одреден момент, во конкретниот случај до 30 јуни 2022 година. Законот за работни односи и Законот за ПИО како lex specijalis не претставува пречка за доуредување на одредени прашања од оваа област и во никој случај тоа не е повреда на уставниот принцип на еднаквост и на принципот на владеење на правото. Според Уставниот суд не се задира во веќе стекнатите права од причина што законодавецот при нивното уредување ги имал во предвид поднесените изјави за продолжување на Договорот за вработување, па истите со определување на договорот за вработување продолжен со поднесените изјави за продолжување на договорот до 31.08.2021 година, да важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30 јуни 2022 година, ниту се одземаат, ниту се отуѓуваат.наведе дека овие пресуди се разгледувани на колегиум и сега ги има во материјалите за денешната седница, па што отвори расправа по истите.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** за да се разграничи состојбата и прво да се одлучува по однос на престанок на судиската функција , а по однос на мандатот на двајцата членови смета дека неможе да одлучува Советот за престанокот и затоа да се разделат одлуките за престанок на судиската функција, а одземање на мандат и престанок на работен однос смета дека е надлежност на претседателот .

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** кој кажа дека треба генерално да се зборува за одлуките за мандат на судијата . Во делот на мандат на членовите на Советот кога има одлука за престанок на судиската функција со автоматизам претседателот на Советот или заменикот на претседателот само констатира престанок на работниот однос, и не одлучува за претсанок на мандатот кој со престанок на работниот однос му е укинат.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и се наврти на дискустиите од ланската година пред одлучувањето по овие барања и повторно како и тогаш кажа дека доколку неможе да ги разграничиме мандатот за член и вршител на судиската функција, доколку на колегите членови на Судски совет сега пензионирани им се утвди дека им престанува на судиска функција тоа по автоматизам повлекува престанок на мандатот по автоматизам. Нејзин став е мандатот да се вреднува согласно Законот за Судскиот совет , дека требало да не се одлучува за нив со оглед дека има решенија со кои им мирува судиската функција мегутоа мнозинство сметало и за нив да се одлучува и во контекст на тоа ако се прифати дека им престанува мандатот како на судии им престанува мандатот и како член на Советот, безпредметно е расправањето натаму за нивниот мандат . Прашањето е дали како тогаш овие двајца колеги ке гисе стават во истата листа и ќе се одлучува како за судии или ќе бидат извоени со оглед на фактот дека им мирува судиската функција додека ја вршат функцијата член на Советот, за неа тоа е дилема, а во однос на 30 06 .2022 година законот е јасен и на сите продолжувања им престанува судиската функција со овој датум.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** со барање да се стави гласањето за сите судии без селекција, затоа што мора да се одлучува со оглед да има рокови за одлучување.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** смета дека мандатот се одзема само во случај на одговорност утврдена по Законот за Судски совет, но иако претходно така се одлучувало за мандатот, но за да се мандатот прекине за што има забелешки и од управен суд, смета дека треба да се констатираме дека поради таа состојба е прекинат мандатот и смета дека не е спорно на седница да се констатира престанок на мандатот.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** наведе дека Судски совет или претседателот не му го одзема мандатот на членот, туку претседателот на Судски совет врз основа на донесената одлука за престанок на судиска функција констатира престанок на работен однос во Судскиот совет, затоа што за членовите Судскиот совет е работодавач.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** предвид решенијата на Управен суд со кои с е поништени решенија на Судски совет им е продолжен мандат на судиска функција , дадени се насоки кои Судскиот совет треба да ги почитува во однос на мандат на судиската функција и при донесување на новите решенија да ги има предвид насоките на Управен суд и одлуката на Уставен суд согласно која не се поведува иницијатива з а уставноста на член 2 од Законот за изменувањ е и дополнување на ЗРО со кој е изменет членот 104 од ЗРО. Предвид овие одредби и член 73 став 1 од Законот за судовите неможе да се зборува за стекнати права или повреда на стекнати права на судиите доколку се донесе одлука со која се констатира престанок на судиската функција согласно одредбата од Законот за судовите и согласно член 2 од Законот за измена и дополнување на ЗРО најдоцна до 30.06.2022 година.Предлага да се донесе такво решение а во однос на насоките за решенијата на Судски совет со кои им е продолжен мандатот на судиската функција тоа е незаконско бидејќи имаме продолжување на мандати кои го надминуваат перидот од ЗРО.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** која наведе дека во образложение на сите решенија, насоките на Управниот суд се исти и може да се констатира дека Судскиот совет еве во конкретен случај од решението за Зоран Теофиловски со кое решение Судксиот совет му го продолжил мандатот до 26.04.2023 година, тоа е за година и половина и тоа е по стариот член 104 од ЗРО . Во одлуките на Управен суд и тоа на страна 6 , судот нашол дека тужениот орган сторил повреда на правилата на постапката од глава XIV од Законот за општа управна постапка во кои с е уредени вонредни случаи на укинување и поништување на управен акт .Сега се гледа формалната страна, повреда на Законот з а општа управна постапка каде нема одредби за ставање вон сила и тоа по членот 122 и член 124 став 5 од законот , и по ова наведе дека се согласни дека е повреден законот. По однос на образложението на одлуките на Управен суд дека повредата на правилата на постапка влијае на правилна примена на материјалното право неможе да се утврди престанок на судиската функција , упатува на тоа дека има стекнато право тој на кого се однесува решението. По однос на одлуката на Уставниот суд не се согласува со толкување дека одлуката треба да се толкува дека треба да престане работниот однос со 30.06.2022 година .Според неа сака д а се каже дека правата по стариот закон се стекнати прави и никој неможе да ги одзема, а по новиот ЗРО договорите може да се продолжат само до 30.06.2022 година,што значи дека проблем се веќе стекнатите права според стариот закон . Предлага да се донесат нови одлуки за надминување на таа состојба и тоа за продолжување на договорот само за период од 1 година во зависност од периодот кога е поднесено барањето за продолжување и ништо повеќе од тоа.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој се согласува со ова образложение и според него по однос на ова прашање има два предлози: Ако Советот смета дека Управниот суд треба да донесе мериторна одлука а Судскиот совет се произнел со иста одлука треба тогаш истата одлука да се донесе, но ако Советот смета дека укажувањата на Управниот суд се издржани а тој смета дека се и дека судот со право констатирал дека е повредена постапката поради погрешна примена на материјалното право, тогаш треба да се донесе поинаква одлука .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** за да дополни дека стекнатите права и одлуката на Уставниот суд да се вреднуват само заклучно со 30.06.2022 година

.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот со кој по однос на судиите за кои од страна на Управен суд се добиени пресуди за поништување на решенија на Судскиот совет со кои им е утврден престанок на вршење на судиската функција , да им се констатира престанок на судиската функција на 30.06.2022 година со дадени конкретни образложенија.

По гласањето претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека со 7 гласа "За" и 4 гласа "Против" се донесе

О Д Л У К А

со која на судиите Гордана Спиреска, Гоче Малиновски, Љупчо Спирески, Зоран Теофиловски, Фани Илиевска, Загорка Тноковска, Лидија Каначковиќ, Шемседин Јусуфи им престанува судиската функција на 30.06.2022 година.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** на барање на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели, членовите на Советот Мирсад Сурoји и Лорета Горгиева констатира дека седницата се прекинува во 15,06 часот и продолжението на истата се презакажува за ден 14.09.2023 година со почеток во 11 часот.

* * *

Продолжение на 454 -та седница одржана на ден 14.09.2023 година со почеток во 11,20 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и Член на Советот
- **Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Весна Дамева**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Отсутни членови:

- **Мери Радевска**, Член на Советот, оправдано отсустна- користи денови од годишен одмор
- **Кренар Лога**, Министер за правда
- **Беса Адеми** , Претседател на Врховен суд на РСМ
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот, оправдано отсутен

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар
- **Александра Шоп Трајанова** , самостоен референт
- **Јулијана Георгиевска** , државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност .

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Сашко Георгиев**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, се продолжи по Дневниот ред на 454- та седница.

**Точка 4**
**Разгледување на Одлуки на Управен суд**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека по оваа точка на дневниот ред Одлуки на Управен суд веќе се дискутираше за одлуките на Управен суд , но по однос на трошоци за ангажирање на адвокат предвидени во дел од овие одлуки кои се конечни да се констатира исплата на трошоците за д а може да поминат на Судски буџет.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по предлогот отвори расправа .

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** која наведе дека се работи за судска одлука по која треба да се исплатат трошоците,и да се дадат во благајна.

Процедурано за збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека ова е во надлежноста на Судски буџет и не треба Советот да гласа, туку само да се констатира .

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по расправата констатира дека по однос на пресудите на Управен суд каде се утврдени трошоци за адвокатите, Судскиот совет преку Судски буџет да изврши исплата на овие трошоци, со оглед дека се истите конечни во тој дел.

**Точка 5**
**Разгледување на Извештај за констатирана состојба**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по оваа точка од дневниот ред збор му даде на координатор за изминатиот период за овој суд членот на Советот Павлина Црвенковска да го истиот презентира.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека со оглед да се одлучува за состојба за претседател на суд каде има информации и ќе се изнесат работи кои може да влијаат на угледот на истиот а пред да се донесе било каква одлука му предложи на Советот да се донесе одлука за да се исклучи јавноста .

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање овој предлог.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа “За“ и ниту 1 глас “Против“ се донесе ОДЛУКА со која се исклучува јавноста од оваа точка на дневниот ред заради произнесување работи од доверлив карактер.

*Се констатира дека јавноста ја напушти седницата*.

**Точка 6**
**Формирање на Комисија на известители по поднесено барање**
**за утврдување одговорност на судија/претседател на суд**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека по оваа точка од дневниот ред јавноста е исклучена .

**Точка 7**
**Разно**

1.Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** укажа дека од страна на Академијата за судии и јавни обвинители има реакции дека се доцни од страна на Советот да се произнесе по прашањето за програмски совет и за повлекување на двајца членови за приемен и завршен испит .

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** со предлог а согласно да на колегиум е договорено за овие прашање да се одлучува на наредна седница да се одложи за наредна седница а по претходно одржан колегиум.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека од дискусијата произлезе дека прашањето за програмскиот совет и за повлекување на двајца членови за приемен и завршен испит се одлага за наредна седница на Советот.

2. За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** до претседателот на Советот дека има законска обврска да се организира секоја година за членовите а секоја втора година и за вработените а пред две години е последно организрано задолжителен сиситематски преглед за што мора да се најдат средства за да се спроведе постапката..

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го задолжи генералниот секретар Весна Толева да поднесе извештај до претседателот на Советот во делот на тоа како се спроведува , дали за сите или само за членовите и во кој период тоа да се организира.

3. На барање на вработен во Стручната служба на Советот кој е претседател на синдикалната организиација при Судскиот совет го презентира пред Советот она зашто било разговарано на состанок одржан меѓу Синдикатот на Судскиот совет, Независниот судски синдикат и претставникот на Министерството за финансии и тоа во насока дека од министертсвото за финансии не е потребно од нивна страна да се даде согласност за потпишување на Анексот на Колективниот договор и дека има можност за додатоци на плата во месеците ноември и декември 2023година.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** изјави дека треба да се знае дека додатоци нема да се добијат со евентуално потпишување на колективниот договор , туку дека ке има во наредниот период зголемување на плата и за ова со државниот советник од судски буџет е разговарано за што го повика генералниот секретар да тоа го појасни. Исто така друга работа на која сака да укаже е дека доколку нема претходна согласност од Министерството за финансии односно доколку нема нивна пренамена и обезбедени средства нема да има склучување на Анекс на колективниот договор .

Генералниот секретар наведе дека имајки предвид како институциите кои до сега веќе добиле вакви додатоци, за нас како последна опција е да се достави до Министерството за финансии нацрт измената на колективниот договор на согласност.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и по негови информации и сознанија со ребалансот на буџетот кој е во Собраниска процедура доколку како таков помине ќе има додатоци од месец октомври до крајот на оваа година.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека со пропратно писмо ќе биде доставен на претходна согласност до Министерството за финансии , нацрт анексот на колективниот договор за вработените во стручната служба на Советот.

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред, претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпен дневниот ред од 454-та седницата и истата заврши во 13,30 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил:Јулијана Георгиевска , државен советник
Одобрил: Весна Толева, ВД Генерален секретар